# ПРАВИЛНИК
## ЗА РАБОТА НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРИ ИЛИ НА РЕФЕРЕНДУМ
**(Пречистен текст)**

CS CamScanner

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој ПРАВИЛНИК потесно се уредува начинот на работење на Координативното тело за пријавување и постапување по претставки за време на избори и на референдум, како и постапката и начинот за вршење на следните надлежности утврдени во Меморандумот за соработка помеѓу страните – основачи:

- следење на начинот на однесување и постапување во онлајн-просторот, вклучително и на социјалните мрежи, за време на изборни процеси и на референдуми, на политичките партии, нивните кандидати, независните кандидати, интернет-изданијата на радиодифузерите, онлајн-медиумите, проверувачите на факти, инфлуенсерите и други субјекти кои можат да извршат влијание врз јавноста во функција на кампања за време на избори или на референдуми.

- следење на динамиката на прифаќање, потпишување на Кодексот за однесување во онлајн-просторот за време на изборни процеси и на референдум од страна на медиумите и на учесниците во изборниот процес и јавно објавување на сите кои го прифатиле Кодексот,

- постапување по претставките, рокови, надлежност на членките, објавување на одлуките,

- реакции по сопствено видување во форма на соопштенија, изјави, прес-конференции и други видови јавна комуникација за теми/активности од широк јавен интерес и за работи поврзани со медиумите и сите учесници во онлајн-просторот за време на изборен период или на референдум,

- соработка со државни органи, невладини организации, домашни и меѓународни организации,

- креирање јавни кампањи,

- ангажирање и консултирање надворешни експерти и консултанти за специфични прашања и потребите на своето работење.

**Член 2**

Координативното тело нема својство на правно лице.

**Член 3**

Координативното тело е составено од 6 членови и нивни заменици.

Членовите и замениците се делегирани претставници од следните институции/организации потписници на Меморандумот за соработка: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни уметности (АВМУ), Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), Советот за



CamScanner

етика во медиумите (СЕЕМ) Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Институтот за комуникациски студии (ИКС) и Фондацијата Метаморфозис.

Доколку кон телото пристапи и друг правен субјект, по склучување на Анекс на Меморандумот за соработка, ќе се прошири и бројот на членовите на Координативното тело.

**Член 4**

Координативното тело е активно за време на изборни процеси или на референдум.

Членовите на Координативното тело избираат координатор и заменик-координатор од својот состав.

Мандатот на координаторот/заменикот трае 2 години, со право за повторен избор.

Доколку координаторот/заменикот поднесат оставки или се спречени во вршење на ангажманот или организацијата која ги номинирала го напушти координативното тело, за координаторската функција на телото, членовите пристапуваат кон избор на нов координатор/заменик.

Координативното тело се активира и во случај на вонредни избори.

Седницата за активирање на Координативното тело пред секој изборен процес или референдум ја свикува координаторот на телото.

**Член 5**

Координаторот/заменик-координаторот настапува во име на Координативното тело во јавноста со изјави, прес-конференции, соопштенија.

Седница на Координативното тело свикува координаторот или заменик-координаторот во случај на спреченост на координаторот.

**Член 6**

Седниците на Координативното тело во зависност од итноста на точките за кои се дискутира може да бидат свикани во живо, со физичко присуство или онлајн на веб-платформите.

**Член 7**

Координативното тело одлуките ги носи со просто мнозинство од вкупниот број членови.

За да може полноважно да одлучува, на седницата треба да се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број членови или нивните заменици.

Доколку кој било член на телото има издвоено мислење и став различен од мнозинството, тоа се наведува во одлуката, покрај која може да биде објавено и издвоеното мислење, доколку членот кој не се согласил со одлуката на мнозинството го побара тоа и достави писмено изготвено мислење.

Одлуките ги потпишува координаторот или заменик-координаторот кој раководел со седницата, независно од неговиот став за содржината на одлуката.



CamScanner

**Член 8**

Координаторот или заменик-координаторот, по добивање на претставката, истата ја препраќа до надлежната членка во рок не подолг од 24 часа според принципот на стварна надлежност на организациите, утврден во Меморандумот.

- До Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија – доколку претставката е поврзана со објавени содржини во весниците и нивните електронски изданија, онлајн-медиумите и интернет-изданијата на радиодифузерите,

- До Советот на честа при Здружението на новинари на Македонија – доколку претставката е поврзана со прекршување на професионалните стандарди и етика од страна на новинари при нивното известување, кој ќе има обврска да ја разгледа претставката и да утврди дали новинарот известувал согласно со Кодексот на новинари, и

- До Фондацијата „Метаморфозис" – доколку претставката е поврзана со ширење дезинформации во онлајн-медиуми и на социјалните мрежи или од политичките партии, нивните кандидати и независните кандидати, инфлуенсерите и други субјекти кои можат да извршат влијание врз јавноста во функција на кампања.

АВМУ ќе биде задолжена и за изработка и за одржување на веб-страницата на која ќе се објавуваат сите одлуки на Координативното тело и членките на телото.

Состаноците на Координативното тело ќе се одржуваат во просториите на членките, потписнички на Меморандумот или онлајн преку некоја од веб платформите.

За текот на седницата се води записник.

Гласањето на седниците на Координативното тело е јавно.

**Член 9**

Претставка за медиумско прекршување до ова тело може да поднесе: секој граѓанин, учесници во изборен процес, владини и невладини организации, органи и установи, како и секој директно или индиректно засегнат правен субјект или физичко лице.

Претставките ќе се примаат на е-адресата: koordinativnotelozaizbori@avmu.mk.

Поради кратките рокови за кампања и предизборен период, постапувањето по претставката пред телата, членови на ова координативно тело: ЗНМ, СЕММ, Метаморфозис или Агенцијата е итна.

**Член 10**

Членката на Координативното тело до која е препратена претставката постапува во рок не подолг од 3 дена и до Координативното тело доставува мислење (препорака). По добивањето на мислењето/препораката, Координативното тело расправа за претставката и донесува одлука согласно со член 7 на овој Правилник.

Во случаи кога изготвувањето на мислењето бара сложена анализа или консултација со членките на Координативното тело или стручно мислење од друга релевантна



CamScanner

институција/организација рокот на постапување на членката на Координативното тело до која е препратена претставката може да трае до 5 дена.

Одлуките на Координативното тело се доставуваат до подносителот на претставката, се објавуваат на веб-страницата на телото, како и на каналите за комуникација на членките.

## II. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ, ПОЕДИНЦИ, ЕКСПЕРТИ

### Член 11

Доколку Координативното тело оцени дека има потреба од стручно мислење за одредено прашање произлезено по поднесена претставка, може да ангажира/вклучи правни или физички лица, експерти во соодветната област.

### Член 12

Координативното тело ќе соработува со сите институции задолжени за спроведување или мониторинг на изборниот процес и по потреба ќе врши консултации со нив или ќе даде соодветно мислење, доколку има потреба од тоа.

### Член 13

Координативното тело може да прима донации за непречено, брзо и ефикасно функционирање на телото, за подобрување на техничките и на технолошките потреби, како и за размена или за следење на добрите практики на слични саморегулаторни тела во други земји, за креирање јавни кампањи, користење социјални медиуми, подготвување публикации, извештаи, дебати и трибини за подигање на јавната свест.

Донациите не смеат да бидат поврзани со субјектите кои се предмет на мониторинг утврдени во Кодексот, како и од правни и физички лица поврзани со нив.

Секоја од членките на телото може да учествува со донација за разни сегменти од работењето на Координативното тело, со што ќе придонесе за целосно остварување на функцијата за која е формирано телото.

Одлуката за прифаќање или одбивање и управување со донацијата ја носи Координативното тело.

### Член 14

Координативното тело креира јавни кампањи за прашања од јавен интерес врзани за изборниот процес и однесувањето на сите учесници во интернет-просторот и истите ги дистрибуира преку традиционалните и онлајн-медиумите и социјалните мрежи.

### Член 15

За сè што не е регулирано со овој Правилник, важат одредбите од правилниците (деловниците) на одредена членка на телото, кои регулираат специфично прашање, а за тоа ќе се согласат мнозинството членови на Координативното тело.



CamScanner

**Член 16**

Овој правилник ќе се применува по неговото усвојување на седницата на Координативното тело на 26.08.2025 година и ќе се објави на веб-страницата https://izborenkodeksonline.mk/.

Скопје,
26.08.2026 година

**Координативното тело**
**за следење на почитувањето на начелата и стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**
**Координаторка**



CamScanner